


# ЕКО ПАКЕТ Македонија

**-ПИЛОТ ПРОЕКТ-**

**Учебна година 2014/2015**

# ПРОЕКТ ЕКО ПАКЕТ

Проектот Еко пакет е наменет за развивање на свеста и значењето на одговорното однесување кај децата, учениците, воспитувачите, наставниците и родителите, преку собирање, селектирање, одвојување и отстранување на картонот од употребената Тетра Пак амбалажа од млекото, јогуртот и соковите.

Со селектирање на употребената Тетра Пак амбалажа овозможуваме нејзина понатамошна преработка, ја намалуваме количината на отпадот во депониите, го намалуваме загадувањето на животната средина и ги зачувуваме природните ресурси.

Проектот Еко пакет се реализира веќе девет години во мрежата на еко училишта во Словенија, Хрватска и Србија.



# ПРОЕКТ ЕКО ПАКЕТ МАКЕДОНИЈА

Од **учебната 2014/2015 година** за првпат проектот Еко пакет ќе се реализира во Македонија, првично како проект за **основните еко училишта со зелено знаме** и е наменет **за учениците од петто до деветто одделение.**

Во проектот учествуваат децата, учениците, воспитувачите, наставниците, вработените и родителите.

**Проектот е поделен на три дела:**

**1. селекција и отстранување на Тетра Пак амбалажата**
**2. едукација**
**3. награден конкурс**



# I. СЕЛЕКЦИЈА НА ТЕТРА ПАК АМБАЛАЖА

Во вашето училиште отпадоците од употребената Тетра Пак амбалажа од млеко, јогурт и сок треба да се собират одвоено и **да се фрлат во означената корпа**.

За успешна реализација на оваа активност потребно е **да ги информирате учениците и вработените за значењето на селекцијата на употребената Тетра Так амбалажа** од останатиот отпад во соодветно означените корпи.

**Поставете ги постерите на видно место во училиштето** и презентирајте ги **информативните брошури** на вработените и учениците.

**Посебно означените корпи** за селекција на употребената Тетра Пак амбалажа поставете ги на видно место за да се прилагодат на воспоставениот систем за селекција на отпадот во училиштето.



# II. ЕДУКАЦИЈА

Во вашето училиште одржете **едукативни предавања, работилници и практични активности за учениците и вработените** за селекција на употребената Тетра Пак амбалажа од останатиот отпад.

Во вашето училиште **формирајте тимови од ученици од петто до деветто одделение, со по еден наставник ментор**. Секој тим треба да изработи уметничко дело од селектираната Тетра Пак амбалажа на тема „Животот во шумата“ (силуети и производи од отпадоците на употребената Тетра Пак амбалажа што ги прикажуваат растителните и животинските видови во шумата, суштествата од шумата во приказните, работите во шумата итн.; техниката на остварување ја определува самиот тим).

Секое училиште треба да организира **училишен конкурс** за избор на три најдобри уметнички дела изработени од селектираната Тетра Пак амбалажа на дадената тема. На училишниот натпревар треба да ги поканите родителите, вработените во училиштето, локалната заедница, медиумите и вашите соработници.



ЕКО-УЧИЛИШТЕ

# III. НАГРАДЕН КОНКУРС

Вашето училиште треба да се **пријави за учество на наградниот конкурс објавен од ОХО** со избраните три најдобри уметнички дела на следнава електронска пошта: info@eko-paket.mk во дадениот рок.

**Фотографии и видеа (1-2 минути) од изработените уметнички дела** и процесот на изработка можете да ги објавете и на Фејсбук страницата „Еко пакет Македонија" и на веб страницата www.eko-paket.mk во делот „материјали".

**Најдобрите уметнички дела**, односно училиштата кои ќе победат на наградниот конкурс, ќе ги избере комисија и ќе бидат јавно прогласени на завршен настан.



# ВРЕМЕНСКА РАМКА И АКТИВНОСТИ

**1. ПРВА ФАЗА (октомври/ноември 2014)**

- ✓ информирање на релевантните институции и вклучување на училиштата;
- ✓ подготовка на материјалите (постери, брошури, кутии за селекција и веб страница);
- ✓ промотивен ден и дистрибуција на материјалите.

**2. ВТОРА ФАЗА (ноември 2014/ април 2015)**

- ✓ информирање на учениците и вработените во училиштето;
- ✓ поставување на корпите за селекција;
- ✓ едукативни предавања и работилници работилници;
- ✓ формирање на тимови/ планирање/скицирање и изработка на уметнички дела;
- ✓ училишен конкурс и избор на 3 најдобри уметнички дела:
- ✓ пријавување на училиштето на наградниот конкурс и праќање на фотографии и видеа.

**3. ТРЕТА ФАЗА (април/мај 201**5)

- ✓ избор на 3 победнички уметнички дела од страна на жири комисија;
- ✓ официјално прогласување на победници и доделување награди од 700 евра за прво место, за второ 500 евра и за терто 300 евра од Еко пакет фонд.



# ВАЖНО!

- да ги информираат вработените, учениците и пошироката околина за реализацијата на проектот;
- да изработат план за реализација на проектот;
- да ги постават означените корпи за селекција на употребената Тетра Пак амбалажа на видно место;
- да ги постават постерите за промоција на проектот на видни места;
- да одржат едукативни предавања и работилници за селекција на употребената Тетра Пак амбалажа;
- да формираат тимови од 5 ученика кои ќе изработат уметнички дела од селектираната Тетра Пак амбалажа на дадената тема;
- да организираат училишен конкурс за избор на три најдобри уметнички дела од тимовите;
- да го пријават училиштето со трите најдобри уметнички дела на наградниот конкурс на ОХО.



# МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА:

Методи:

- Училишни посети
- прашалници за наставници
- прашалници за ученици
- евалуација

Индикатори:

- број на вклучени училишта
- географска локација на вклучените училишта
- број на вклучени ученици и наставници
- статистика од селектирана Тетра Пак амбалажа
- број на изработени уметнички дела
- медиска покриеност



# СЛЕДЕТЕ НÈ:

www.eko-paket.mk

Facebook:
Еко пакет Македонија

